**Известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, Република Србија ќе стекне контрола над ОРИОН ТЕЛЕКОМ ВВИФИ ДОО Белград-Земун, Република Србија**

**(предмет бр. 08-114/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **„**Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија, има намера да стекне поединечна контрола над ОРИОН ТЕЛЕКОМ ВВИФИ ДОО Белград-Земун (ORION TELEKOM WIFI ДОО Београд-Земун), со регистрирано седиште на улица Населба Земун Поле, Мала пруга 8, 11080 Земун, Република Србија,

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**„Телеком Србија” акционерско друштво, Белград,** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, меѓу другото дава услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

„Телеком Србија” акционерско друштво Белград има поврзано лице на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност: жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје има поврзано лице во Република Северна Македонија : Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, кое работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на „Телеком Србија” акционерско друштво Белград на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

**ОРИОН ТЕЛЕКОМ ВВИФИ ДОО** Белград-Земун е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за обезбедување пристап до интернет и

интернет услуги, изнајмување на ресурси на електронска комуникациска мрежа и изнајмување на инфраструктура што се користи за вршење на електронски комуникациски дејности.

ОРИОН ТЕЛЕКОМ ВВИФИ ДОО нема поврзани правни лица и нема остварено приходи на територија на Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, да биде малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина, малопродажен пазар за обезбедување услуги за фиксна телефонија, големопродажен пазар за изнајмување инфраструктура што се користи за извршување на електронски комуникациски активности, малопродажен пазар за изнајмување ресурси на електронски комуникациски мрежи.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.07.2025 година

Скопје